## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Деветтото продолжение на Деведесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 февруари 2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,03 минути.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше потпретседателот на Собранието на Република Македонија Бесим Догани.

**Бесим Догани:** Почитувани колеги пратеници продолжуваме со работа по 98-та сдница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Гоце Марковски, Валентина Божиновска, Лилјана Поповска, Ристана Лалчевска, Фијат Цановски, Љубчо Георгиевски, Јагнула Куновска, Горан Мисовски, Радмила Шекеринска, Јани Макрадули, Тале Герамитчиоски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Лазар Китановски, Весна Бендевска, Али Ахмети, Тахир Хани, Садула Дураку, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Тито Петковски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Бидејки во салата се присутни само 33 пратеници, ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Бидејки во салата се присутни само триесетина пратеници, објавувам пауза од половина час.

(По паузата седницата продолжи во 11,40 часот)

**Бесим Догани:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата продолжуваме со работа.

Уште еднаш ги повикувам сите пратеници кои се надвор од салата, да влезат во салата за да продолжиме со работа.

Ги молам пратениците да ги заземат своите места.

Ги молам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

На седнциата присуствуваат 62 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

**Предлог на закон за високо образование.**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Претресот по амандмнаот на член 53 за бришење на став 8, поднесен од пратеникот Славица Грковски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 56 пратеника, 12 гласале за, 1 воздржано, против 43.

Констатирам дека Собраниеот не го усвои амандмнаот.

Отворам претрес по амандманот на член 53 став 8, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука, господинот Сулејман Рушити.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓица Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Колешки и колеги пратеници, почитуван потпретседателе, со овој амандман се предлага ректорот да мора да биде избран од редот на редовните професори на Универзитетот кои се во редовен работен однос и дефакто се сведува на нашите аргументи кои што ги изнесовме во однос на претходниот амандман кога сметавме дека, односно мојот предлог беше дека вакво решение не треба да постои во Законот за високо образование. Бидејки станува збор за многу сериозно прашање, јас уште еднаш ќе се обидам да го убедам парламентарното мнозинство со сите аргументи што одат во прилог на поддршка на овој амандман да ги убедам да го прифатат и да покажат дека се поразумни и дека имаат поголем сенс за лошите последици на ова решение врз функционирањето на високообразовните институции и да го прифатат овој амандман. Бидејки вчера во текот на дебатата беа истакнати одредени невистини, јас ќе покажам еден допис од Универзитетот во кој што се предлага ваквото решение да се брише. Имено, самиот Универзитет, еден од универзитетите смета дека ваквото решение, или решението ректорот да не мора да биде вработен од редот на вработените на Универзитетот, според Универзитетот дава можност за ректор да биде избрано лице кое што може да предизвика проблеми во текот на постапката за избор на ректор, меѓутоа и при самото евентуално вршење на функцијата ректор на лице кое што не е вработено на Универзитетот, заради тоа што Универзитетот смета дека правото на избор произлегува од правото на работен однос. Ова е реакција на она што вчера беше кажано од некои квази универзитетски професори, а истовремено пратеници дека Универзитетот немал реакција во однос на овие прашања.

Загрижува тоа што амандманите кои што ги предлага опозицијата наместо да се согледуваат реално и да се прифатат согласно проценката дали одат во прилог на подобрување на решенијата што ќе придонесат за подобро функционирање на високообразовните институции, а одат во насока на упорно етикетирање, лични дисквалификации и по секоја цена бранење на партиските ставови од страна на ВМРО-ДПМНЕ. И тоа можеби не би ме изненадило доколку доаѓаат пратеници од ВМРО-ДПМНЕ, меѓутоа ако доаѓа од пратеници кои што седат во редовите на други пратенички групи, а ја спроведуваат партиската политика на ВМРО-

ДПМНЕ, тогаш дозволете, би требало да бидеме изненадени заради тоа што тогаш можеме да ја оквалификуваме дека станува збор за сосема други позиции од личен интерес, заради тоа што и вицепремиерот Јанкуловски кој е од НСДП и една од пратеничките која што сеуште седи во редовите на НСДП вчера јавно признаа дека веќе се познати решенијата за новите ректори на државните универзитети кои што би требало да задоволат одредени партиски апетити на одредени личности во партиите на власт. И тоа ќе се случува доколку ваквото решение помине. Ние ќе добиеме партизирано високо образование, ќе добиеме партизиран универзитет, ќе добиеме партиски членови за ректори на Универзитетот кои што ќе именуваат и ќе разрешуваат декани и ќе етаблираат партиска структура во високото образование кои што понатаму ќе имаат обврска да вработат партиски членови и да направат чистка во државните универзитети и дефакто да ја спроведат политиката на идеологизација на ВМРО-ДПМНЕ по нивниот терк. Она што во овој момент се случува во државните универзитети и факултети кои што ги формираше во овој мандат оваа Влада за кое што од ова Собрание исто така добија подршка. Со ваквото законско решение дефакто сакаат да се озаконот сите кршења на Законот за високо образование со ставање на партиски кадри на Универзитетот во Штип и на Факултетот во Битола, со ваквото решение се сака да се озаконот, меѓутоа тоа не значи дека некој нема да ја сноси одговорноста во иднина заради постапките кои што се направени во изминатиот период.

Сакам да го прашам министерот, бидјеки е сеуште надлежен за образование, дали се сеќава дека автономијата на Универзитетот е уставна категорија. Дали може да се присети на членот од Уставот каде што се вели дека автономијата на Универзитетот е загарантирана. Да бидам искрена, но не би ме изненадило ниту министерот, ниту некој од владеачката гарнитура да се сети на тоа, заради тоа што тенденцијата во водењето на политиката во образованието во изминатава еднаипол година откако ВМРО-ДПМНЕ е на власт води кон упорно кршење на уставните решенија во сферата на образованието во смисла на предлагање на реШенија кои што се сосема спротивни од уставно загарантираните категории: приватно основно образование, задолжително средно образование, веронаука која што е сосема спротивна на Уставот. Значи, остана од сите субјекти, од сите делови на образованието уште високото образование да предложи законско решение со кое што ќе ја загрози неговата автономија и на тој начин и со ова решение и во овој сегмент на образованието да го прекрши Уставот. Впрочем, еден од белезите на оваа Влада е флагрантно кршење на уставните загарантирани категории во сферата на образованието за што Владата на Груевски воопшто не чувствува никаква одговорност. Трагедијата да биде уште поголема, Владата на Груевски покрај сите останати органи и институции кои што веќе ги контролира, а кои што не се во негова надлежност. Груевски сега покажа дека го контролира и Уставниот суд, дека манипулира со неговата работа и дека не дозволува Уставниот суд непристрасно и професионално да ја врши својата функција и да носи решенија и одлуки кои што се согласно Уставот и законот. Имајки во предвид дека оваа една година и 8 месеци полека, но сигурно се етаблира тоталитарен систем во Република Македонија.Ова можеби и не треба да не изненадува, меѓутоа ова зазема веќе сериозно загрижувачки димензии заради што очекувам парламентарното мнозинство да ги прифати аргументите и да се спротивстави на ваквото однесување на премиерот Груевски и покрај тоа што се членови на неговата партија. Доколку остане решението ректор да не мора да биде избран од редот на редовните професори, ќе се случи, повторно ќе кажам, партиска чистка на универзитетскиот кадар, ќе се случи избор на стручните кадри во универзитетите ивисокообразованите иснтитуции по теркот на ВМРО-ДПМНЕ, заради тоа што се покажа дека единствениот критериум кој што важеше за започнување на функционирање на Универзитетот во Штип и на Факултетот во Битола беше исклучиво партиската книшка, а не критериумите кои што се согласно Законот за високо образование, не просекот кој што е постигнат во текот на студирањето, не успехот на магистерските и докторските студии кои што многу млади кадри го имаат стекнато на универзитетите во државата, меѓутоа и надвор од државата, туку исклучиво партиската книшка на ВМРО-ДПМНЕ, НСДП, или ДПА, во зависност од тоа за кој Универзитет станува збор. И ако од 1998 до 2002 година имавме отворена политика од страна на Љубчо Георгиевски, Никола Груевски и останатите членови на Владата за поделба на државата, сега имаме тивко спроведување на таквата политика со отворање на институции паралелно Универзитет во Штип, сега факултети во Тетово, поделба на партиските решенија на оние универзитети во Западна и во Источна Македонија. Да не зборувам за договорот за градење на црква во Скопје и истовремено џамија во Тетово. Очигледно дека коалицијата ВМРО-ДПМНЕ и ДПА функционираат многу добро и на ист начин како што функционираше од 1998 до 2002 година. Нема никаква промена во политиката и заради тоа е ваквото решение.

**Бесим Догани:** Ве молам, немојте да зборувате за политиката на партиите, туку зборувајте за решението што го барате во склоп на избирањето на ректорите.

**Славица Грковска:** Очигледно дека ја погодив суштината на причината заради кое е предложено ваквото решение што ве направи тоа толку нервозни. Зборуваме за начинот на кој што ВМРО-ДПМНЕ и ДПА ја практицираат власта во Република Македонија. Имам за право на дигресија да констатирам дека таа политика воопшто не се разликува од политиката што ја водеа ВМРО-ДПМНЕ и ДПА во периодот од 1998

до 2002 година. Се сменија само првите играчи и ништо друго. Можеби добива само на некоја понапредна димензија. Меѓутоа се надевам дека тоа многу брзо граѓаните на Република Македонија ќе го сфатат. Аргумент за тоа дека е тоа така покажува и фактот дека во Буџетот на многу интересен начин се распределени средствата помеѓу универзитетите во Тетово, во Битола и во Штип.

**Бесим Догани:** Госпоѓице Грковска и ова не е тема на амандманот.

**Славица Грковска**: И доколку се случи ректор да биде лице кое што не мора да биде вработено на Универзитетот, она што се случува сега во Универзитетот во Штип, ќе се случува на сите факултети. Ние имаме решение на Универзитетот во Штип, лице кое што воопшто не ги исполнуваше критериумите да биде избрано во повисоко звање, а камоли да стане ректор на еден државен Универзитет.

Меѓутоа, заради тоа што станува збор за братот на Жан Митрев, претпоставувам дека тоа беше единствен и доволен критериум Зоран Ставрески кој е претседателна Матичната комисија, исто така незаконски, да го стави за ректор на Универзитетот во Штип и на тој начин да обезбеди партизација на Државниот универзитет во Штип, за чие што основање и ние, како партија, дадовме поддршка во ова Собрание. Само заради тоа што сметавме дека отворање на високообразовни институции може да придонесе за подобар квалитет во образованието и да излезат во пресрет на сите оние млади луѓе во Источна Македонија кои од разлилчни причини наоѓаат начин за студирање во странство и на тој начин да им го олесниме нивното образование во повисоко звање.

Меѓутоа, пак ќе кажам, тоа што се случуваше во режимот на Милошевиќ се случува денеска . . .

**Бесим Догани:** Ве молам.

**Славица Грковска: . . .** и се етаблира денеска во Република Македонија. Партиска чиста на универзитетските кадри. . .

(Реакција и гласно дофрлање од пратениците од позицијата)

Партиска чиста на универзитетските кадри, полека но сигурно комплетно изолирање на Република Македонија, заради тоа што овие решенија немаат никакви допирни точкиниту со европските директиви, ниту со Болоњската декларација, туку се сосема спротивни од тоа што сме го преземале како држава, како обврска, како Република Македонија да го направиме во високото образование.

И, бидејќи спроведуваме ваква политика една ипол година ние имаме два негативни извершаи од Европската унија. Ако продолжиме вака да се однесуваме, ние сме на добар пат да ги срушиме и оние можности што ги имаме сега за почеток на преговорите до крајот на оваа година. Заради тоа што, бидете убедени дека никој нема да прифати вакви решенија во Законот за високо образование, уште повеќе што се косат со европските диркtиви, а овој закон носи знаскче на Европската унија.

Тоа што се предлага тука, заради тоа што некои колеги зборуваа вчера дека станува збор за решение што е познато и во други држави, сакам да кажам дека констелацијата, составот на универзитетите во ддруги држави се од поинаков карактер. Меѓутоа, чудната потреба во Република Македонија да се воведе менаџерски систем во сите интитуции, и таму каде што треба и таму каде што не треба, го промовира ова решение, заради тоа што ваквото решение само ќе овозможи подобра контрола на високо образовните интитуции и ставање на рака на премиерот Груевски на сите универзитети во Република Македонија, ставање под негова контрола и на тој начин Груевски ќе си овозможи поддршка од интелектуалците од Универзитетскиот кадар во секој момент, затоа што се плаќи од интелектуалците во Република Македонија, зазтоа што е свесен дека интелектуалниот потенцијал во Република Македонија е оној што ги гледа неговите пропусти, интелектуалниот потенцијал во Република Македонија е оној што ја презира неговата политика заради тоа што чекорите што ги повлекува се многупроѕирни за овој слој, за оваа категорија на граѓани и лесно се читаат. Лесната популистичка политика на Груевски. . .

(Бурни реакции во салата со дофрлање)

**Бесим Догани:** Ви благодасрам госпоѓице Грковска.

**Славица Грковска:** . . . не проаѓа кај интелектуалниот кадар и со ваквото негово. . .

**Бесим Догани:** Ви благодарам, ви благодарам.

(Реакции во смисла на негодување од страна на пиозицијата, а опозицијата реагира со зборовите дека не може да биде прекината дискусијата)

Благодарам госпоѓице Грковска.

**Славица Грковскас: . . .** ваквото негово однесување практично покажува дека се плаши од универзитетскиот кадар и од студентите и на тој начин не овозможува автономија на Универзитетот и негова независнот. . .

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓице Грковска.

Реплика има министерот за образование, повелете.

Реплика има министерот за образование, повелете.

(Гласно довикување во салата).

Реплика има министерот, повелете.

(Пратеникот Иванов бара збор процедурално)

Јас знам кој има предност господине Ивановски.

Повелете господине министер.

**Сулејман Рушити:** Почитувани пратеници, поради тоа што ни беше поставено едно директно прашање поврзано со автономијата на Универзитетот, со тоа што автономијата е

исклучително важна работа, излегов да дообјаснам некои работи.

Што всушност се предлага со овој закон? Бидејќи овие денови и од медиумите слушам и имам прашања дали со овој Предлог на закон се укинува автономијата на Универзитетот, дали ректорот ќе биде поставен, назначен од страна на Владата, јас само ќе ги прочитам членовите што ќе го потврдат спротивното.

Значи, во членот 53, што се однесува на ова прашање стои: “Ректорот е раководен орган.

Ректорот го претставува и застапува Универзитетот во земјата и странство.

Ректорот се избира од редовните професори”. Повторувам “од редовните професори и од научните советници за време од 4 години”.

Понатаму, не е важно за оваа дискусија.

И членот, за што веќе неколку дена имаме прашања и одговори, се контестираат, тоа е алилнејата 8 “Ректорот не мора да биде од редот на вработените од Универзитетот”, а не стои дека ректорот не мора да биде од редовните професори. Редовен професор, како академско звање. Значи, во Предлогот на закомот стои дека Ректорот мора да биде редовен професор. Но, не мора да биде вработен во таа институција каде ќе се спроведуваат избори за ректор.

Сега, кој избира ректор, тоа во членот каде се уредуваат надлежностите на Сенатот, тоа е членот 52 став 1, алинеја 18, па би ве замолил да погледнете, значи “Сенатот избира и разрешува ректор и проректори на Универзитетот” .

За што станува збор? Кога има избори за ректор на еден универзитет, право да конкурира на конкурс има и редовен професор кој не е во таа матична институција. Пак ќе одлучува Сенатот дали ќе се избере едниот или другиот.

Почитувана пратеничке Грковска.

Велите дека професорите од Универзитетот, претпоставувам Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” писмено се обратиле до вас дека се плашат од овој предлог. Јас велам дека нема воопшто потреба да се плашат, бидејќи пак Сенатот на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” и други државни универзитети ќе одлучуваат кој ќе биде ректор. . .

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министре.

**Сулејман Рушити:** И ве молам, не би сакал да предрасудуваме дека ректорот на “Св.Кирил и Методиј” припаѓа на некоја политичка партија. Од каде знаете. Можеби е член на ДПА.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Контра реплика има госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван министре, почитуван потпретседателе, јас ќе продолжам со мојата дискусија заради тоа што неосновано ми го одземавте зборот. . .

**Бесим Догани:** Госпоѓице Грковска имате една минута.

**Славица Грковска:** Почитуван министре,

Вие немате обврска тука да ни ги читате членовите од Законот, заради тоа што ние сме го прочитаоле Законот. И, благодарение на тоа имаме поднесено амандмани.

Вие имате обврска да ни кажете зошто чекавме една година за законот откако помина низ сите фази на Собранието, и дојде на дневен ред после два месеци, го повлековте и после неколку месеци предложивте ваков текст со решенија што воопшто не се појавија во претходните тестови на Законот што го добивме.

Ако тоа не била политичка одлука, тогаш имате обврска да одговорите кој беше клучниот елемент што ве принуди на вакви решенија? И, наместо да ни читате делови од Законот, што се гледани сепаратно, така како што ги читате во ред, но ако го читате комплетно, ќе видите дека тоа што го кажувате вие практично не гарантира нормално функционирање на универзитеот.. .

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

**Славица Грковска:** Туку напротив. Кога имате решение . . .

**Бесим Догани:** Процедурално се јави господинот Игор Ивановски, повелете.

**Славица Грковска. . .** ректорот да заседава и да води со седниците на Сенатот, тогаш. . .

**Бесим Догани:** Ве молам прекинете ја госпоѓица Грковска. . .

**Славица Грковска:** . . . тогаш во истата . . .

**Бесим Догани:** Господине Ивановски далли ќе го искористите правото за процедурално? Повелете.

(пратеникот Славица Грковска реагира заради прекинувањето на дискусијата)

**Игор Ивановски:** господине потпретседателе,

Мислам дека од неразбирливи причини, бидејќи вие барем лично не сте учествувале толку колку Љубиша Георгиевски во ваков тип на прекинување на говорникот, тоа го направивте со пратеничката Славица Грковска

Во членот 82 од Деловникот се вели дека претседателот на Собранието се грижи говорникот да не биде прекинуван или со друга постапка да не биде ограничуван во говорот.

Вие, господине потпретседателе, директно го прекршивте членот за кој што вие сте обврзани да го почитувани најмногу, бидејќи седите на таа столица.

Затоа, во име на пратеничката група на СДСМ остро протестираме на ваквиот начин на ограничување на слободата на говорот и одземање на збор на пратеникот кој апсолутно говори за темата. Вие не сте, ниту вие лично, ниту некој од владеачкото мнозинство сте во ситуација на судија кој што проденува дали е тоа во контекст на законот или не.

Апсолутно, тоа што го говореше пратеничката Грковска беше во контекст на законот. Мислам дека ги надминавте вашите надлежности во оној

дел кога го одземавте, сега и по втор пат, зборот на пратеничката Славица Грковска.

Доколку таквото однесување стане пракса ќе мораме и на тој начин соодветно да реагираме.

Апелираме да се овозможи серизно и аргументирано да расправаме, бидејќи времето на вербални деликти и санкционирање за кажаните зборови заврши. А, ако некаде е храмот каде ќе може апсолутно слободно да се говори и на темата, тогаш тоа е тука.

Јас не знам господине потпретседателе, зошто вие влегувате во филмот на невозата и агресивноста на ВМРО ДПМНЕ? Можеби, ако тие се нервозни, оставете ги тие така да реагираат. Немојте и вие да и го спроведувате тоа сценарио и филм. Можеби, бидејќи во текот на денешниот ден се одржуваат и некои тајни средби во Владата на Република Македонија за што немаме никаква информација, па можеби заради тоа тие дополнително и се нервозни. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ивановски.

Само да ви објаснам дека јас навистина, не јас, туку вие ми го дадовте да бидам судија како претседавач и да одлучам кога се зборува надвор од темата или се зборува за темата. Тоа право вие ми го дадовте.

Како второ, јас го почитувам Деловникот и според членот 87, што вие или не сте го прочитале или не сакате да го читате. . .

(Пратеникот Славица Грковска реагира од место)

Госпогице Грковска ве молам бидете пристојна, ќе ви кажам што беше надвор од темата.

Значи, според член 87, мое право е, на пратеникот да му се обратам и да му кажам дека е надвор од темата еднаш, не два пати, и не три, и не четири и не пет.

Бидејќи јас сум поборник на сериозно дискусија, отворена дискусија што вие ја барате и дозволив на госпоѓица Грковска неколку пати да излезе надвор од темата.

Значи, тема на амандманот не е интерпелација на Влада, не е соодносот ВМРО ДПМНЕ - ДПА - НСДП и не се стотици други работи што ги изнакажа госпоѓица Грковска. Значи, темата е начинот на избирање на ректор, за што министерот за образование Рушити, кажа, дополни и за што истото сега бара збор да ви дообјасни. Во тој дел мислам дека останувам да бидам фер од ова место и како судија и како претседавач на седниците. Мислам дека немате право во вашето процедурално.

Што се однесува до акциите и мерките што вие ќе ги преземете или мислите да ги преземете, ваше право е. Ваше право е исто така да мислите дека јас сум се однесувал некоректно. Тука не сакам ниту да ви укажам на било каква друга идеја, тоа е ваша слобода. Повелете, имате механизми за да докажете дека не сум работел совесно или сум работел пристрасно.

Процедурално збор има Ташева Виолета, повелете.

**Виолета Ташева:** Благодарам потпретседателе.

Чувствуам дека треба да ви се заблагодарам, бидејќи вчера јас бев една од пратениците кои реагираа процедурално, согласно член 87, каде што барам да реагирате и да го опомените говорникот затоа што го злоупотребува и нашето време, на сите останати пратеници и воопшто времето на македонската јавност.

Уште еднаш ви благодарам и ве поздравувам за начинот на кој што денеска реагирате по или согласно Деловникот.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Процедурално има збор господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Почитуван потпретседателе, јас сум пријавен за збор и ќе дискутирам на темата, меѓутоа имам чувство дека и вие и пратениците кои сме во салата, чувствуваме дека сме доведени во позиција да глумиме како да ништо не се случува околу нас.

Затоа ќе предложам оваа лакрдија да престане. Да ја прекинеме седницата и да побараме Собранието да си го има соодветното место во нашиот политички систем.

Несоодветно е однесувањето на сите нас, затоа што премиерот не сака да расправаме за тоа што ќе се случи во недела во Приштина, а денеска да разбереме дека овде доаѓа премиерот на Косово Хашим Тачи. Значи, за безвезни работи разбиравме со недели претходно, а во момент кога во салата за седници на Владата имаме косовска делегација претводен од Хашим Тачи, каде што веројатно, исто онака како што во понеделник, во Атина ќе се разговара за еден клучен момент за нашата историја, а тоа е дали ќе го прифатиме последнот компромис, ние се обидуваме да расправаме за Законот за високо образование.

Но, простете, мислам сите прифаќате да се правиме малоумни, да бидеме продолжена рака на Владата и да ја бутнеме уште подлабоко главата во песокот и да се чудиме што после ќе не снајде.

Почитуван потпретседателе, посебно ценејќи го вашето место во ДПА, сметам дека и вие кога претседавате на седницата можете да имате многу повеќе политички усет за моментумот во кој се наоѓа Република Македонија. Ни се смее меѓународната јавност. Ни се смеат во регионот дека сме единствена држава која е во најнеповолна позиција од сите други, која не расправа за клучни политички теми, зтоа што тоа не го сака Владата.

Ние мораме да покажеме политички капацитет дека сме демократски механиам за контрола на една недемократска власт.

Крајно сум револтиран од ова што го спомна пратеникот Ивановски, да не знаеме дека денеска доаѓа премиерот на Косово, најеспонираната личност во светот во овој момент. Да крие

Владата. Да говори вчера, портпаролот, дека на хипотетички прашања на иницијатива од ЛДП не треба да разговараме. Па, срамота е колеги пратеници.

Најмалку што можеме да направиме е да се организираме самите ние, да собереме 20 потписи, да го натераме и премиерот и претседателот и министерот за надворешни работи во понеделник, не да се задскриваат зад Влатко Ѓорчев  и НАТО делегацијата кога ќе расправа, не знам дали знаете и во понеделник и во вторник нема да работиме. Ова е голем срам за Република Македонија.

Затоа барам мојот предлог да го ставите на гласање. Мислам дека имам 10 пратеници, оваа лакрдија мора да престане. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Бучкоски.

До моментов немам никакво барање. Вашето барање беше прво.

Затоа би ве замолил, дали имате од 10 пратеници?

(Пратеници креваат рака)

Има.

Предлогот на господинот Бучковски да се прекине седницата и на место неа да се започне нова седница на која ќе се разговара за актуелните збиднувања во врска со независноста на Косово, така некако приближно.

(Реакции со дофрлања)

Предлогот на господинот Бучковски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По објавувањето на резултатите од гласањето на дисплејот)

Бидејќи гласаа само 53 пратеници, ги замолувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата)

**Бесим Догани:** Во моментот на гласање немаше доволен број, но мислам дека сега имаме 61 пратеник во салата, затоа гласањето го повторувам.

Повторно ве повикувам да гласаме.

За предлогот на господинот Бучковски гласаа 63 пратеници, 18 гласаа за, 2 воздржани, против 43.

Констатирам дека Собранието не го усвои предлогот на господинот Бучковски.

Дали има уште некој за процедурално?

Александар Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам потпретседателе.

Согласно одредбите на Деловникот кои што сакаме да ги почитуваме, ние немавме можност да го кажеме нашето мислење по предлогот пред да се гласа, затоа што таков е Деловникот и ние тоа не го спориме.

Би сакал да кажам само една работа, поврзана со она што го говореше господинот Бучковски, а тоа е дека апсолутно, прашањето заслужува внимание, апсолутно тоа е приоритетно прашање за целата меѓународна заедница во моментот, но сметаме како пратеничка група дека за тоа прашање евентуално, траба да разговараме во моментот кога нешто ќе се случи.

Значи, во моментот ние немаме преземено никакви дејствија на Косово, се уште немаме прогласено независност и заради тоа сметаме дека нема основа да разговараме.

По однос на сите други прашања кои ќе се отвораат во наредниот период, за тоа ќе одлучи Владата во рамките на тоа што ја има одговорноста како Влада, а во рамките на тоа што го има како одговорност Парламентот ќе одлучи Парламентот и во рамките на она што го има како одговорност претседателот на државата, ќе одлучи претседателот.

Сега, ако сите ја следиме состојбата, се работи за наш сосед, се работи за наше непосредно опкружување, така што би замолил, можеби не е најправилна формулацијата, можеби не непотребно, но можеби преурането да не ги отвараме прашањата. Да го исчекаме исходот и после тоа со повеќе информации, со јасна слика на теренот, доколку почувствуваме потреба да разговараме и да ја оставиме Владата и претседателот на државата да ги работат своите работи, поврзани со меѓународната политика. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Николовски.

Господине Најдовски имате процедурално три минути, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине потпретседателе, сакам да го кажам својот став. Еве, лично за себе да кажам. Јас немам намера повеќе да изигрувам ненормален во овој Парламент. А ќе ви кажам зошто. Она што го направи господинот Александар Николовски сега, да се задскриваме и затоа некои кукумјавки, кваzi професорка на факултет вчера, ќе даде изјава дека пратениците не размислуваат со своите глави.

Зад што ние сега се задскриваме? За нас сега е најважно, мојата процедурална забелешка ќе биде, за да не реагираат, на крајот ќе ви кажам дека е составен дел на процедурата.

Ние сега зад што се задскриваме? Деновиве се одлучува за судбината моја, на моето дете, на вас, на вашите деца, на сите идни генерации на Република Македонија. И ние сега како пратеници овде, се правиме како ништо да не се случува. Со ништо не сакаме да ја вжештуваме атмосферата. Напротив, предлагам, да имаме затворена седница, на која што премиерот ќе излезе и ќе не информира нас 120-те пратеници, што се случува и што ќе превземе Владата на Република Македонија од понеделник натаму. Уште неполни 48 часа имаме до настаните, кои што не ги засегаат најмногу државите кои што се надвор од ова опкружување. Најдиректно не засегнува нас, Република Македонија и ние мора да имаме

ставови, а не еден недоветен портпарол, и нема да се извинам на никој овие зборови што ги употребувам, на Владата вчера да каже, не одговараат на хипотетички ситуации и кажува дека има некој Комитет. Кој Комитет? Нема таков Комитет. Ако мисли на Комитетот што е согласно Законот за заштита и спасување и за реагирање во кризи, длабоко се лаже детево.

Дами и господа пратеници,

Дајте да престанеме да си играме играчки со Законот за образование, кој што е важен да го донесеме. Ќе го донесеме од среда натаму. Но сега, овој момент кажувам дека повеќе нема денес да учествувам во расправата на оваа седница, на овој Парламент, се додека не се согласиме како пратеници дека е потребно премиерот да излезе и да не информира на затворена седница, еве ви предлагам, ќе изгласаме затворена седница, на која што ќе не информира за се што ќе превземе.

**Бесим Догани:** Не е тоа процедурално.

**Слободан Најдовски:** Господине потпретседателе, ви кажувам, мојата процедурална забелешка е дека нема да учествувам повеќе во вакви расправи кои што не одговараат на ситуацијата во која што сега моментално се наоѓа Република Македонија. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Најдовски за информацијата.

Јас предлагам по оваа тема повеќе да не разговараме, бидејќи ако сте навистина толку загрижени за оваа работа, требаше да бидете подготвени, да имате писмени барања, да имате идеи и планови за ова, од понапред, а не денеска кога веќе започна седницата за Законот за образование.

**Ружди Матоши:** Може ли процедурално?

**Бесим Догани:** Господине Матоши сите се за процедурално.

Јас предлагам да се повлечат сите оние што се пријавени за процедурално.

Тогаш, јас предлагам да направиме една пауза од 15 минути за кратка координација и потоа се враќаме.

(Пауза од 12,30 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,51 часот)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да ги заземат своите места, продолжуваме со работа.

Почитувани дами и господа пратеници, на кратката координација која ја имавме пред малку се договоривме да имаме три процедурални забелешки и тоа од господинот Андреј Жерновски, Илинка Митрева и господинот Ружди Матоши. После овие процедурални забелешки се договоривме да продолжиме во конструктивна атмосфера со амандманската расправа по законот за високото образование.

Според договорот три минути за процедурална забелешка има господинот Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Ќе се обидам да бидам пократок од три минути. Денес е 15 февруари јас морам денес да се јавам, бидејќи денеска е многу битен датум за Република Македонија,до колку сака да гиисполни критериумите за влез во НАТО.

Добивме јасна порака пред неколку дена од амбасадорката на САД во Република Македонија чија што порака гласаше. До 15 февруари, што ќе каже до денешниот ден требало Собранието на Република Македонија да се најдат предлог решенијата за двете преостанати точки од таканречениот мајски договор или договорот штоајс го нарекувам Ахмети-Груевски. Значи, денеска до 24,00 часот доколку тие не се најдат во Собранието на Република Македонија тогаш не е точно тоа што гокажува премиерот дека името спорот со Грција ќе биде единствениот услов кој што не го исполнуваме односно кој што е пречка, туку денешниот ден кога ќе помине Република Македонија, за жал, ќе има дополнителни услови кои што не ги исполнила. Да потсетам, од оваа говорница од тука гопрашав премиерот дали договорот има 5 или 3 точки, тој пред целата македонска јавност прво ме нарече лажго, потоа се извинуваше, кажа дека договорот има 3 точки, а не 5 точки и кога му кажав дека тој ќе стане политички критериум за Република Македонија за влезот во НАТО, тој кажа дека не е така и дека тие, ќе ви ги покажам и стенограмите, сега ги немам, дека тие никогаш нема да станат политички критериум за Република Македонија. Тој на крај стана жртва на неговата теза и тогаш кажа, вистината е како шило, врти лево, врти десно, врти напред, врти назад, јас не можам толку шармантно да го кажам, но еден ден ќе излезе. И, вистината излезе. Точно е дека договорот како што потврдија оние кои што беа спонзори на тој мајски договор дека договорот има 5 точки, не три како што кажа премиерот. Премиерот на Република Македонија не ме излажа мене, ја лажеше целокупната македонска јавност. Но, со него подоцна ќе имаме пратенички прашања. Што е моето прашање и зошто барам јас да ја прекинеме седницата, за да поминеме на тоа што треба денеска да го исполниме до 14,00 часот. Затоа, сакам да ве рпашам, почитуван потпретседателе, дали во овој момент во Собранието на Република Македонија се пристигнати таканречени драв верзии или тоа не се случува за јас да знам како граѓанин на Република Македонија дали од денешниот ден Република Македонија всушност самата си ги врза нозете во влезот на НАТО. До колку постојат такви точки, ве молам да ја прекинеме оваа и да го направиме тоа што се бара од нас. А, премиерот ќе дојде овде и ќе треба да одговара пред целата македонска јавност кој лажеше тој или опозицијата. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Жерновски.

Јас како претседавач и како потпретседател на Собранието можам да ви кажам дека немам информација за 15 февруари дека треба да се дискутира за драв верзиите и можам да ви кажам дека во Собранието не се пристигнати никакви драв верзии ни од Владата, ни од било која пратеничка група.

Следна за процедурална забелешка е госпоѓа Илинка Митрева, повелете.

**Илинка Митрева:** Господине потпретседателе, дискусијата на господинот Жерновски и претходната на господинот Бучковски само уште повеќе го засилуваат моето убедување дека вие како одговорен потпретседател на Собранието на Република Македонија треба да ја прекинете оваа седница, да поразговарате со вашите коалициони партнери и да го поканите премиерот на Владата на Република Македонија да дојде на итна затворена седница да ги образложи сите елементи кои што влегуваат во Стратегијата на Република Македонија за прием во НАТО, но и разгледувањето на целокупната регионална состојба.

Сакам во оваа прилика да ги потсетам колегите пратеници и македонската јавност дека на 3 февруари оваа година СДСМ како одговорна политичка партија која што ги штити државните и националните интереси одржа Трибина на која што токму темата беше Косово и случувањата во врска со статусот а Косово, од каде што излезе предлог, повика, порака до Владата на Република Македонија Собранието да одржи седница и да расправа на оваа тема.

Јас би сакала ова јавување да го искористам и со порака до колегите пратеници веднаш да се прекине седницата и да се соберат 20 потписи кои што ќе бидат основа за свикување на итна седница од затворен карактер. Во повеќе дискусии тоа беше кажано. Сега само сакам да го резимирам, бидејќи е крајно битно три паралелни процеси се одвиваат од огромно значење за Република Македонија.

Прввиот, членството во НАТО.

Вториот, разговори околу разликата со името со Република Грција.

Трето, во соседството. Тоа се теми за кои што ова Собрание мора да расправа и мора да биде информирано, бидејќи да имаме ингеренции и Уставни, а подлога имаме во Законот за надворешни работи. Ќе биде крајно неодговорно према македонската јавност, према меѓународната позиција на Република Македонија да ги игнорираме овие прашања. Ја прашавме Валдата има ли Стратегија во политичка безбедност и економска смисла да се справи со сите можни варијанти кои што ќе произлезат од скорешните настани во Косово. Не добивме одговор. Ја прашавме Владата дали има соработка со соодветните органи кои што се надлежни за гарантирање на безбедноста. Каква е соработката со КФОР, каква е соработката на дипломатски план. Не добивме одговор. Затоа, господине потпретседателе, апелирам да ја прекинете седницата и да поразговарате со вашите коалициони партнери на оваа многу битна тема за која што ова Собрание мора да разговара и да има став. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Митрева.

Јас само ќе ви кажам уште нешто што принципиелно разговаравме во координацијата, а тоа беше дека сите тие кои сакаат да имаат процедурални интервенции добро е тоа да го направат на почетокот на седницата, а не после еден час дискусија за некој закон. Тоа беше начелна наша согласност.

Друга работа за која се согласивме е крајно несериозно да се бара да се разговара за некоја тема без претходна подготвеност за тоа, без претходно барање, писмено образложение и т.н. Но, сепак, јас ќе го почитувам вашетоправо и затоа ќе побарам од вас подршка од 10 пратеници за да го ставам вашиот предлог на гласање.

Дали имаате 10 пратеници за поддршка? (Имате)

Предлогот на госпоѓа Митрева да се прекине седницата и да се пређе на итна расправа за овие три битни настани.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 61 пратеник,од нив 15 гласаа за, воздржани нема, против 46.

Констатирам дека Собранието не го усвои предлогот на госпоѓа Илинка Митрева.

Три минути за процедурална забелешка има господинот Ружди Матоши, повелете.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Сакам на опозицијата да и кажам зошто не треба да имаме една таква итна седница и во нашата процедурална забелешка ќе се концентрираме на тоа дека не треба да има таква седница за Косово.

Господине Најдовски, госпоѓа Илинка, господине Бучковски, да ви кажам дека ако сакате да имате информации за Косово поголем премиер од мене нема. И, што ќе се случи во однос на Косово. Ќе ви кажам дека сум се занимавал со Косово и мојата младост помина во Косово и 11 месеци бев во војна за денес да ја доживее независноста.

Бучковски, да знаеш дека Косово ќе се прогласи во недела во 6 часот како независно. По 2 часа ќе го признае Америка и нема да поминат 15 минути Велика Британија, Европа, но и ние како Македонија ќе го признаеме Косово. По новите инфорамции да викажам дека имавме контакти меѓу двајцата премиери на Македонија и Косово, Македонија е на располагање на независноста на Косово. Сите органи на Македонија ќе го помогнат Косово. Царините ќе бидат на располагање на некоја блокада која може да ја направи Србија. Оваа работа е завршена. Зошто се мачите, зошто блефирате политички. Еве ќе ви кажам Путин е на колена, е паднат на колена, осавете ја таа работа, Путин е на колена. Ние Македонија, Косово ќе

влеземе во НАТО, во Европската унија. Работата на Путин е завршена. Такви работи веќе не постојат. ЗоШтоне станувате конструктивни, туку се трудите да барате такви работи. Оставете ги тие работи, не ни треба таква седница, оваа работа е завршена. Македонија е на располагање на овој пат, ние заедно со Косово ќе бидеме дел од Европската унија,ќе бидеме дел на НАТО и немаме време да размислуваме за такви работи. Сите институции ќе бидат во служба на ова и вие треба да се согласите. Оставете ги тие работи, бидејќи не е во ред. Ова е завршена работа. Велам ова е завршена работа. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Матоши.

Предлогот на господинот Матоши е да не се расправа за ситуацијата со Косово. Но, бидјеќи овој предлог веќе два пати беше одбиен од Собранието, затоа и веќе нема смисла да го ставаме на гласање.

Збор има министерот за образование и наука, господинот Сулејман Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Благодарам.

Сакам да одговорам на поставеното прашање за Законот за високо образование. Зошто беше повлечен Законот,јавно транспарентно тоа може да се потврди со сите претставници на јавните и приватните универзитети. Законот беше повлечен по барање на сите универзитети акредитирани во Република Македонија и нивните последни и по една година усогласеност со нив барања, укажувања беа составен дел од Предлогот на законот за високо образование. Тоа може во сите универзитети да се докажува, сите ректори, секретари на универзитетите и т.н.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Рушити.

Господине Грозданов се извинувам, но госпоѓица Грковска претходно се пријавила за реплика кон зборот на министерот.

Повелете госпоѓице Грковска.

**Славица Грковска:** Почитуван министре, согласно реакциите на универзитетите ниту еден универзитет не барал ректорот да не мора да биде од редот на вработените на универзитетот. Ниту еден универзитет не барал ректорот да не држи настава. Ниту еден универзитет не барал ректорот да ги свикува седниците на Сенатот, а тоа се дел од решенијата кои се предложени во овој закон. Ниту пак некој универзитет барал во рок од три месеци, најдоцна во рок од три месеци да бидат сменети комплетно членовите на Одборот за акредитација и Агенцијата за евалуација. Вие сакате да направите комплетна партиска чистка на сите независни органи во високото образование.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓице Грковска.

Сега збор има за реплика господинот Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам потпретседателе,

Јас на почетокот ќе кажам само неколку видувања и едно размислување. Има една поговорка што вика Некој меѓу нас не е наш. Значи времето ќе го покаже тоа и дека сето ова беше само една обична лакрдија која што требаше медиумски да биде покриена.

Точно е господине Бучковски дека треба да прекинеме со обичните лакрдии, затоа што по Законот ...

**Бесим Догани:** Господине Грозданов, немојте да им се обраќате на пратениците, повелете реплицирајте.

(Реакција од пратениците)

**Цветко Грозданов:** Имаме 107 амандмани на законот за високото образование, што покажува дека е само една обична лакрдија во смисла за подобрување на текстот на Предлогот на законот за високото образование.

Ќе се осврнам на она за што и го зедов зборот, а тоа е репликата на госпоѓица Грковска и ќе кажам по неколку нејзини видувања или прашања кои што ги постави и самата си одговараше, а тоа беше стравот од интелектуалноста што го има претседателот Никола Груевски, поточно Владата. Јас ќе напомнам дека од тука нема страв, затоа што станува збор за нешто што се вика динамика на развој, нешто што се вика вложување во образованието, земајќи предвид дека во периодот од 2002 до 2006 година за образованието се одвојуваа вкупно 2,5 од бруто домашниот производ. Сега, во времето на оваа Влада, Владата на ВМРО-ДПМНЕ одвојувањето од бруто домашниот производ за образованието е 5 и нешто повеќе од 5%.

Втората работа е околу исполнувањето на критериумите кои што ги спомна госпоѓица Грковска и за која што ќе кажам дека изнесе само големи демагогии и видувања. Јас ќе напомнам само дека заштитата, партиската заштита станува збор кај лидерката на СДСМ Радмила Шекеринска, кај потпретседателот Игор Ивановски, кај потпретседателот Јани Макрадули и член на пратеничката група Славица Грковска, кои што со своите од 35 до 40 години или 41 година сеуште се помлади асистенти и би барал еден одговор. Да ми кажете,можете да се смеете колку што сакате, да ми кажете по кој закон сеуште обавувате помлад асистент, кога знаеме дека помладиот асистент со закон е ограничен на 30 години, господине Игор Ивановски. Јас мислам дека сте малку повозрасни и сеуште ги немате исполнето тие услови за да бидете помлад асистент на факултетот. И не само вие, целата врхушка на СДСМ, сметам дека направивте квалитетни промени, го променивте господинот Бучковски кој е универзитетски професор и го заменивте со помлади асистенти, кои ја водат партијата. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Грозданов.

Контра реплика има госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Во позната реторика на ВМРО-ДПМНЕ кога нема аргументи сериозни со кои што ќе ги побијат нашите аргументи за овој закон, се оди на лична дисквалификација, меѓутоа јас нема да ви влезам во шемата. Тешко е да се биде член на политичка партија чиј премиер го воведува режимот на Милошевиќ во Република Македонија. Заради тоа што вие сте тие кои утре треба да се соочите со граѓаните и треба да објасните зоштопо секоја цена воведувате партиски систем на ВМРО-ДПМНЕ во Република Македонија. Зоштопо секоја цена Груевски има потреба да контролира се во оваа држава, па вклучително и високото образование. За тоа вие ќе треба да одговорите пред граѓаните на Република Македонија. Зошто во Република Македонија се воведува тоталитарен режим.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓице Грковска.

Реплика има госпоѓа Мирјана Секуловска, повелете.

**Мирјана Секуловска:** Ви благодарам почитуван потпретседател.

Однесувањето на почитуваната пратеничка Грковска е крајно примитивно, вулгарно и арогантно. Жал ми е за вас почитувана пратеничке Грковска, многу ми е жал, но едно ќе ви кажам. По вашата позиција и статус што го имате не сте компетентна да кажете каков професор сум јас. Значи, јас каков професор сум кажале моите рецензенти. Јас сум вонреден професор и за мене зборуваат делата. Сум напишала два универзитетски учебници.

Зад мене има магистратура, зад мене има докторска десертација, зад мене има милион анонимни анкети од страна на студентите од кој сум подценете со висока оцена. Значи вие не сте надлежна да зборувате за мене.

Работа е на професорот да се спушти на вашето ниво за да ме разберете. Знаете што, за разлика од вас што сте заштитени како мечка од вашата партија и што можете 15 години да сте помлад асистент на вашите 38 години, јас не сум била заштитена. Напротив јас сум била колатерална жртва на партиски и политички игри и сум морала да докторирам во странство. Јас таму каде што докторирав, повелете и вие докторирајте и тогаш ќе разговарам со вас. Јас имам меѓународен признат докторат. Кога ќе одбраните и вие на меѓународно акредитиран универзитет во Република Бугарија, државен универзитет, кога ќе одите на докторски студии и кога ќе го браните докторатот пред 25 професори од цела Република Бугарија и ќе добиете меѓународно признат докторат, тогаш вие можете со мене да разговарате и да ми се обратите. До тогаш, јас ќе ви кажам жалењето, уште еднаш, од мене кон вас. Вие, за жал, не сте ниту асистент ниту политичар. Тешко на СДСМ со вас. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика има госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Госпоѓо Секуловска, штом толку лично се најдовте засегнати од мојот говор, очигледно дека сум била во право и штом толку чувствувате потреба да излезете на оваа говорница и да се правдате, очигледно дека начинот на кој сте ја стекнале дипломата, многу ви тежи и дека мора да се оправдате пред целата јавност за тоа како сте го направиле.

Меѓутоа сакам само едно да ви кажам. За разлика од вас и вашата партија, во СДСМ и во неговото раководство нема лица со сомнителни дипломи.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓице Грковска.

Збро има господинот Владо Бучковски.

(Од место се јавува госпоѓа Весна Јаневска и бара процедурално)

**Бесим Догани:** Госпоѓо Јаневска има ред. Треба да се пријавите, бидејќи јас му дадов збор на господинот Бучковски. Но, добро, во ред, повелете.

**Весна Јаневска:** Благодарам господине потпретседателе.

Бидејќи како независен пратеник не спаѓам во групата на координација, ве молам ова да не ми тече во времето, а имам право на збор во Парламентот. Јас не гледам дека грешите ако ми дадете процедурално да интервенирам.

Денес на два пати на оваа седница се случи пратениците на Република Македонија да коментираат институции на странски држави, затоа што завлегоа во лична расправа и лични навреди. Сметам дека е под достоинството на еден пратеник, или барем под моето лично, од говорницата на Собранието на Република Македонија да се девалвитаат институции на странски држави кои нас ни се пријателски држави. Таман и да се непријателски држави на оваа земја, ние такво нешто ниту смееме, ниту имаме право да си дозволиме, ниту да го дисквалификуваме универзитетот на една наша соседна држава, ниту да го коментираме актуелниот претседател на една друга држава.

Јас во ова нема да учествувам понатаму. Сметам дека е под наше достоинство. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Јаневска.

Повелете господине Бучковски имате збор.

**Владо Бучковски:** Почитуван потпретседателе, за жал, лакардијата продолжува, но ние како вистински професионалци ќе останеме до крај овде да ви укажуваме дека вашите постапки се погрешни. Мојата ценета колешка беше во право, претходно што процедурално реагираше.

Требаше човекот од вашата партија кој знае се, знае дека сме го признале независно Косово, требаше да ни каже дали сме го донеле и законот. Можеби јас навистина сонувам дека ова може да се случува во највисокиот законодавен дом на Република Македонија.

Некој да навредува претседател на Руската федерација која е членка на Советот за безбедност, која меѓу првите ја призна Република

Македонија под уставното име и вие да не реагирате на тоа, не знам каде тоа води.

Имавме една слична со вас расправа кога беше навредуван претседателот на Република Србија. Значи, треба да се биде достоинствен. Ако вие ја почитувате пораката што ја испраќа матицата, еве и за вас Албанците, вие треба да се однесувате достоинствено. Немаше потреба од ова ликување.

Јас барам пауза додека не се врати господинот Матоши, затоа што тој овде ни делеше лекции и сега си отиде. Јас сакам овде да биде присутен вашиот координатор на пратеничката група за да разпаваме и за Законот и за кредибилитетот на ДПА, може ли да го браните овој закон, или со нас играте овде како да сме мали деца.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Бучковски.

Господине Ивановски, повелете имате збор.

Се извинувам, господинот Даут Реџепи се пријави за реплика.

**Даут Реџепи:** Благодарам потпретседателе.

Принуден сум да му се спротиставам на оваа теза или на овие индикации што господинот Бучковски се труди да ги имплицира во рамките на една тема која не постои.

Овде немаше никакви навреди во однос на Путин, туку имајќи ја предвид неговата антиалбанска и антидемократска позиција, во случајот на Косово, во овој контекст, Ружди Матоши нагласи дека е паднат на колена. Значи, целиот демократски свет е за независноста на Косово, за слободата на Албанскиот народ. И овде има луѓе или држави кои се бројат на прсти, кои не преставуваат сила од демократски аспект, во светот и овде е недозволиво да се интервенира и да се кажува во таа насока. Овде се уште има корења, или се уште има дамари и жили кои вршеле геноцид кон народите, а посебно кон Албанскиот народ. Значи, барам уште еднаш да не се мешаат темите и да продолжиме со темата која ни е  на дневен ред.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Ви благодарам и за тоа што барате да се продолжи со Законот за образование, но очигледно е дека никој не сака да разговара за ова тема. Затоа, јас веќе не можам да ја водам седницата и тука ја прекинувам денешната седница.

За продолжувањето ќе бидете известени во понеделник со СМС пораки.

Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 13,21 часот)